Правила за учество во Квиз

1. Организатор

Организатор на наградниот квиз е **А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, со седиште на Плоштад Пресвета Богородица 1, Скопје,** (во натамошниот текст: Организатор).

2. Период и територија на организирање

Наградниот квиз ќе се организира на територијата на **Општина Битола** во периодот од **13.11.2026 до 31.12.2026**.

3. Право на учество

1. Право на учество имаат сите полнолетни физички лица кои имаат адреса на живеење на наведената територија во периодот на одржување на квизот.
2. За учество, лицата треба да ги достават следните податоци:
    - име и презиме;
    - телефонски број и/или е-пошта за контакт.
3. Секое лице може да учествува само еднаш.

4. Начин на спроведување

1. Квизот се состои од три прашања поставени од Организаторот.
2. Секој учесник кој ќе одговори точно на сите три прашања ќе добие вредносен ваучер од Организаторот.

5. Награда

1. Секој добитник ќе добие вредносен ваучер во износ од **1.000,00 денари**.
2. Ваучерите ќе бидат доделени по завршувањето на квизот и по потврдување на исполнетоста на условите за учество.
3. Наградата не може да се замени за готовина.
4. Ваучерот може да се искористи за купување нов уред, при склучување на договор со тарифните модели A1 NetTV M или A1 NetTV L.
5. При склучување на договорот потребно е ваучерот да се приложи во продажните салони на А1.

6. Обработка на лични податоци

1. Со учеството во квизот, учесниците даваат согласност нивните лични податоци да бидат обработувани од Организаторот за целите на спроведување на квизот,

евидентирање на учесниците, утврдување на добитниците и доделување на наградите.

2. Личните податоци ќе се обработуваат согласно Законот за заштита на личните податоци и другите применливи прописи.
3. Собраните лични податоци нема да се користат за други цели ниту ќе бидат доставувани на трети лица, освен доколку тоа е: неопходно за реализација на квизот; предвидено со закон или доколку учесникот даде изречна согласност за истото.
4. Личните податоци ќе се чуваат онолку долго колку што е потребно за спроведување на квизот и исполнување на законските обврски на Организаторот, по што ќе бидат избришани или анонимизирани.
5. Учесниците имаат право на пристап, исправка, бришење, ограничување на обработката и други права утврдени со прописите за заштита на личните податоци.
6. За сите прашања поврзани со обработката на личните податоци, учесниците можат да се обратат на **dpo@a1.mk**.

7. Завршни одредби

1. Организаторот го задржува правото да ги дисквалификува учесниците кои доставиле неточни или нецелосни податоци или постапиле спротивно на овие правила.
2. Организаторот го задржува правото да го измени, прекине или одложи квизот во случај на околности кои не можел да ги предвиди или спречи.
3. Со учеството во квизот, учесниците потврдуваат дека се запознаени со овие правила и во целост ги прифаќаат.

Датум на објава на правилата: 13.11.2026

Место: Скопје

Организатор: А1 Македонија